Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Александар Цебов Скопје УП2 09-180/24 од 3 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-235 од 28 февруари 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-235 од 28 февруари 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Александар Цебов Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-180/24 од 3 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-235 од 28 февруари 2024 година на КЕЦ Аеродром, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок електричен полнач во паркинг простор во станбен комплекс Diamond Residence.

Според Електродистрибуција - согласно еднополната шема за ЛИМАК - БЛОК 1, ЕВН во целост го има реализирано посоченото барање за ставање под напон.

Во еднополната шема не се наведени мерни места за електрични полначи за возила или обновливи извори за енергија.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 23 мај 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-180/24 од 3 април 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

-Мислење за електроенергетски објект од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

-Тековна состојба на Друштвото

-Барање за согласност за приклучок на производител (БСП-2 образец)

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 23 април 2024 со прилог:

-Имотен лист

-Скица

-Извод од план

и на седницата се заклучи Приговорот да се разгледува на наредна седница со физичко присуство на двете страни. На седница одржана на 31 мај 2024 година присутните ги изнесоа следните наводи:

Претставниците на ЕД потенцираа дека проблемот е технички, односно дека не им е дозволен увид на ЕД во паркинг местата во Кула А и Кула Б од Diamond комплексот.

Потоа ја образложија техничката ситуација односно истакнаа дека треба прво да се реализира инсталација до паркинг местото на жалителот, а потоа ЕД да постави мерен разводен ормар за едно броило (МРО-1) и да го постави бараниот полнач за електрично возило.

Жалителот на ова одговори дека од страна на инвеститорот на зградата им е кажано дека веќе има приклучок во паркинг местата, но од таа струја им се фактурира на станарите, односно ако жалителот ја користи таа енергија, истата ќе им се фактурира на сите останати станари во блокот.

Истакна дека се работи за 440 паркинг места

ЕД напомена дека има две трафостаници за кула А и кула Б, но се наоѓаат на 200 до 300 метри до паркинг местата. Поради тоа - опција би било инвеститорот да спроведе електрична енергија до гаражите, на што жалителот одговори дека не е решение индивидуално спроведување на кабли до секоја гаража.

ЕД потенцираа дека во Скопје единствено Џевахир кулите и Diamond комплексот се објекти од тој тип, каде што ОДС нема свои нисконапонски кабли, односно само броилата се нивна сопственост, а се останато е на инвеститорите. Поради тоа е технички отежнето да се реализира ова барање.

Потенцијално Решение би било жалителот да иницира, а инвеститорот да ја одобри иницијативата во согласност со ОДС за техничките услови, при што реализацијата би се одвивала во заедничка координација помеѓу ОДС и инвеститорот

На 1 јули 2024 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–180/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**